**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi FDI World Dental Federation

**Бр. 02-1003/6**

Скопје, 22.09.2023 година

Врз основа на член 27 став 2 точка 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *(Сл.весник на РСМ бр. 46/2023)* и Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (пречистен текст бр. 02-529/7 од 26.06.2020 година), Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија, на својата прва седница, одржана на ден 20.09.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за**
**бар-кодови и смс-пораки**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат општите и посебните услови за издавање на бар-кодови, ограничувања и контрола на бројот на издадени бар-кодови и висината на трошоците за издаден бар-код, праќање смс-пораки и адреси.

**Член 2**

Акредитираните организатори на облиците на континуирано стручно усовршување се должни, по одржување на обликот на КСУ, **барањата за издавање на бар-кодови** (и праќање на смс-пораки) заедно со Листата на присутни учесници, да ги доставувуваат до Стоматолошката комора на Македонија.

По доставувување на Барањето и оценка на исполнетоста на условите за доделување бар-кодови, доколку се исполнети сите услови, Стручната служба на Комората на организаторот му доставува **електронска листа на потребен број на бар-кодови**.

Организаторот е должен во табела да ги поврзе електронските бар-кодови со податоците на докторот-учесник на настанот и истата да ја достави до Стручната служба на Комората.

Бодовите на учесниците се внесуваат во Регистарот кој го води Комората (евиденција на бодови од КСУ) и се изготвува **фактура до организаторот**, според бројот на бар-кодови.

Вредноста на еден бар-код изнесува **450,00 денари за првиот настан во годината организиран од организаторот, а за вториот настан вредноста на бар-кодот ќе изнесува 650 денари.**

**Член 3**

Бар-кодовите, кои се задолжителен елемент за секој издаден сертификат, се печатат на сертификатите за учество на обликот на континуирано стручно усовршување.

Бар-кодот е составен од 12 цифри, ИД-број на настанот, а содржи и податоци за почеток и крај на настанот (датум), информација за називот на стручниот настан, организаторот, вид на усовршување (симпозиум, конгрес, стручен состанок...), тема на настанот, број на лиценца и име и презиме на докторот – учесник на обликот на КСУ.

Бројот на издадени бар-кодови за еден облик на континуирано стручно усовршување е **ограничен согласно бројот на слушатели определен со одредбите на Правилникот** за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на

спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

Податоците кои ги содржи секој бар-код се добиваат со скенирање со бар-код читач или со рачно внесување во Регистарот на издадени, обновени и продолжени лиценци за работа.

**Член 4**

На барање на акредитираните организатори, Комората во име на организаторот може да испраќа смс-пораки за информирање на нејзините членови за одржување на облик на КСУ.

Услугата за праќање на смс-пораките се наплаќа од организаторот по цена од 5,00 денари за смс-порака.

**Член 5**

Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното донесување, **а ќе почне да се применува од 01.01.2024 г. Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр.02-1177/11 од 14.12.2022 г. донесена од Извршниот одбор на Комората.**

**Член 6**

Одлуката да се достави до сите акредитирани организатори кои ќе учествуваат во Програмата за КСУ за 2024 година.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ИЗВРШЕН ОДБОР,**
**Претседател,**
**д-р Мирлинд Селими**

М.П.